**СЕКОЈ ЧЕТВРТОК или ПЕТОК од ОКТОМВРИ, 2016 ДО АПРИЛ, 2017**

ТЕМАТСКИ СЕСИИ

**од НОЕМВРИ, 2016 ДО АПРИЛ, 2017**

ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО

**од МАЈ, 2017 ДО ЈУНИ, 2017**

ОБУКА ЗА МЕЃУЧОВЕЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ

**од АПРИЛ, 2016 ДО ЈУНИ, 2017**

ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТОТ

Фотографија од вашето ново вработување

# ВАШИОТ ПАТ КОН ВРАБОТУВАЊЕ



ЗЕМИ УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ "ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМИТЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ОДРЖЛИВА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ПОСЕБНО НА ЖЕНИТЕ РОМКИ (PATHSKILL)"

Проектот е поддржан од ЕУ

ЕУ за ТЕБЕ!

Проектот е финансиран од ЕУ,
ИПА Компонента IV:
Развој на човечки ресурси.

# СО ПРОЕКТОТ "ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМИТЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ОДРЖЛИВА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ, ПОСЕБНО НА ЖЕНИТЕ РОМКИ (PATHSKILL)" ДОБИВАТЕ ЕДИНСТВЕНА МОЖНОСТ ДА СЕ ВРАБОТИТЕ, ДА ИМАТЕ ЗДРАВСТВЕНО И СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ДА ГИ ОСТВАРИТЕ ВАШИТЕ СОНИШТА!

## ШТО ЗНАЧИ ТОА?

Тоа значи дека е време да ги земете работите во свои раце и да научите нови вештини кои ќе ви помогнат да станете квалификуван работник што значи вработен со редовна плата, годишен одмор и социјално и здравствено осигурување.

Обуките "Обука на работно место" и "Меѓучовечки и комуникациски вештини" ќе ве научат како да напишете своја лична биографија или CV – документ што се поднесува кога сакате да се пријавите како кандидат за нова работа. Исто така ќе ве научат како да се однесувате на интервју и како да ги промовирате вашите новостекнати вештини за да најдете работа.

Проектот го спроведува Меѓународната организација за Миграции ИОМ од Скопје во соработка со НВО Сумнал од Скопје и НВО Сонце од Тетово преку организирање на стручни обуки, тематски сесии и обуки на работно место и обуки за меѓучовечки и комуникациски вештини.

Стручните обуки се за професиите шивачи, фризери, козметичари и негователи на стари лица и по завршувањето на обуката, кандидатите ќе имаат можност за вработување.

Тематските сесии се случуваат секој четврток или петок во просториите на НВО Сумнал од Скопје и НВО Сонце од Тетово на различни теми кои се однесуваат на надминување на секојдневни проблеми и подобрување на квалитетот на живеење.

Адреси:

Асоцијација за демократски развој на Ромите – Сонце, Тетово,
ул. Илирија 39/14, Тетово
емаил: info@sonce.org.mk
тел. (044) 352391

Здружението за развој на Ромската заедница – Сумнал
ул. Максуд Садик 66, Скопје
емаил: contact@sumnal.mk
тел. (02) 2611219

International Organization for Migration (IOM)
The UN Migration Agency

ЕУ за ТЕБЕ!